БАЛКАНСКИТЕ ДРЖАВИ ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА



Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

1. Албанија

Во триесеттите години Албанија многу се доближила со Италија во сите сфери на живеењето. Зог I одржувал добри односи со Мусолини. Тој пак на 7-ми април 1939 испратил италијански војски во Албанија кои многу брзо напредувале кон Тирана. Албанската војска воопшто не давала никаков отпор пред војските на „пријателска Италија". Овој ден Мусолини го нарекол „Добар ден".

Кога Зог I дознал дека италијанските војски му се наоѓаат пред вратите на Тирана набрзина собрал нешто што е вредно и семејството и веднаш избегале во Југославија, а од таму подоцна во Лондон.

Италијанската војска без проблем се распоредиле низ Албанија, која од тие моменти престанала да постои како политички субјект, а Мусолини ја прогласил Албанија за протекторат на Италија, под круната на Виктор Емануел III.

До септември 1943 (до капитулацијата на Италија) Албанија е италијански протекторат. По капитулацијата на Италија, на територијата Албанија, свои воени сили и администрација поставува Германија која господарела со Албанија до ноември 1944 година.

Политички организации кои егзистирале во Албанија во II Светска војна биле:

Фашистичка партија на Албанија, создадена на 11.04.1939 г. која имала за цел реализација на ветениот италијански проект, кралска „Голема Албанија"



Знамето на Фашистичката партија на Албанија

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски





Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.
Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Комунистичка партија на Албанија, која се појавила како комунистичко движење во 1941 год. со стотина членови, а вооружени партизански формации почнала да создава во 1942. Предводена е од Енвер Хоџа. По капитулацијата на Италија, од запленето италијанско оружје и опрема, се зголемува бројот на војници (партизани). КПА создава народно ослободителна војска која во 1945г. брои околу 20 000 регуларни војници.

Бали комбетар (во превод „Народен фронт") антикомунистичка профашистичка/ пронацистичка политичка организација која била формирана во ноември 1942 предводена од Митхад Фрашери.

Прво им слугувала на италијанците, а потоа и на германците. Постоела до почетокот на 1945 година кога нејзините вооружени единици се целосно уништени од страна на југословенските (во чиј состав се и македонските) вооружени сили.

Членовите се наречени „Балисти", а политичката цел им била создавање на Голема Република Албанија.

Балистите дејствувале во Македонија и на Косово и Метохија. Најпознат балист кој со своите формации вршел големи насилства, терор, убиства и грабежи врз недолжно цивилно население во западна Македонија бил дебарчанецот (од с.Симница) Џемаил Хасани (Џемо Хаса, Џемо Симница)



Џемаил Хасани (во средината)



Балисти во Дебар

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски



Македонско цивилно население од македонските села во Дебарско протерано од балистите

На 29 ноември 1944 година, народно ослободителната војска на Албанија, со помош на вооружени единици од Македонија (Југославија) ги поразиле и ги разбиле германските сили во Албанија. Овој ден се смета за ден на ослободувањето на Албанија. Потоа, заеднички албанските и македонските војски учествувале во завршните борби против германските и балистичките вооружени структури на Косово и Црна Гора.

По ослободувањето во Албанија власта ја зема КПА, а Енвер Хоџа е прогласен за претседател на Народна Република Албанија.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

2. Југославија

Поради заштита на суверенитетот (страв од можна воена интервенција) на Југославија, југословенската влада на чело со Драгиша Цветковиќ, на 25 март во Виена потпиша сојуз со Силите на оската, т.е.го потпиша Тројниот пакт.(Стана сојузник на Германија, Италија и Јапонија и нивниот блок) во Втората светска војна.



Потпишувањето на сојузот, Виена 25.03.1941
Лево Д.Цветковиќ, десно Јоаким Фон Рибентроп



Поштарина плаћена у готову

Чековни рачун број 93.002

ПОЛИТИКА

ВЛАДИСЛАВ РИБНИКАР, оснивач
ДАРКО РИБНИКАР, уредник
Др. СЛОБОДАН РИБНИКАР, директор
Заменик: ВЛАДИСЛАВ СЕ. РИБНИКАР
Уредници
НИКОЛА МИЛОВАНОВИЋ и ЈОВАН ТАНОВИЋ

ПРИМЕРАК 2 ДИН. | ТЕЛЕФОНИ: Уредништва: 29-015, 29-265 и 29-202 Администрација: 29-007, 29-201 | Београд, среда 26 март 1941 Број 11786 — Година XXXVIII | ПРЕТПЛАТА ЗА ЈЕДАН МЕСЕЦ ... РУКОПИСИ СЕ НЕ ВРАЋАЈУ | ПОЛИТИКА Новембарска 31 Тел. бр. 29

УТВРЂИВАЊЕ ОДНОСА ИЗМЕЂУ ЈУГОСЛАВИЈЕ, НЕМАЧКОГ РАЈХА И ИТАЛИЈЕ

ЈУГОСЛАВИЈА ЈЕ ПРИСТУПИЛА ПАКТУ ТРИЈУ СИЛА ПОД УСЛОВОМ ДА ЗА СВЕ ВРЕМЕ ТРАЈАЊА РАТА НЕМАЧКА И ИТАЛИЈА НЕ ТРАЖЕ ПРЕЛАЗ НИТИ ПРЕВОЗ СВОЈИХ ТРУПА ПРЕКО ЈУГОСЛОВЕНСКЕ ТЕРИТОРИЈЕ

Немачка и Италија потврђују своју одлуку да ће суверенитет и територијални интегритет Југославије свагда поштовати

После потписивања протокола о приступању Пакту тријy сила јуче по подне су г. г. Цветковић и Цинцар-Марковић били примљени код г. Хитлера који је с њима дуже конферисао


Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Меѓутоа, главниот надворешен фактор кој имал силно влијание во Југославија во периодот на Војната и пред тоа, била Англија. Таа со свои привржанички структури на 27 март организира во Белград, Скопје и Подгорица силни анти – пакт демонстрации со паролите „Боље рат – него пакт" Во време на протестите, про англиски политички структури со државен удар во Белград, ја симнуваат владата на Цветковиќ и формираат своја на чело со генерал Душан Симовиќ. Овој чин Германија го смета за антигермански и веројатно знае дека го губи тлото во Југославија зад која стои Англија. Во исто време со овие случувања, на територијата на Албанија, Италијанските војски трпат порази од грчките. (Грчката војска е поддржана од Британските кралски воени сили, војници од Англија, Австралиј и Нов Зеланд)) Грчките сили напредувале низ Албанија кон северозапад. Мусолини бара помош од Германија. Германија пак, не предвидувала ваков сплет на настаните на Балканот, туку се подготвувала за пролетен напад на СССР. Сега била принудена да ги насочи своите операции на Балканот, потпирајќи се на своите слуги Бугарија и Романија, поради што го одложила нападот на СССР за три месеци.

На 06 Април 1941 германската авијација го бомбардира Белград. Операција (Strafgericht) (Казна – Одмазда).

Координирано со воздушниот напад, Југославија е нападната од сите страни со копнен напад од териториите на Германија (Австрија(Аншлус)), Унгарија, Романија, Бугарија и Италија.



Нападот врз Југославија

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Територијалниот интегритет на Југославија се обидела да го брани Велика Британија, која иако не била во војна со Бугарија, од грчка територија во два наврати со авијација ја бомбардирала Софија и поважните железнички линии и мостови.

Притисната и немоќна, Југославија на 17 април потпишува капитулација.



Војници на Југословенската кралска армија им се предаваат на германците



Генерали на југослвенската армија (десно) потпишуваат капитулација

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Српскиот крал Петар II Караѓорѓевиќ во текот на овие априлски случувања, прогласен е за полнолетен, но неможејќи ништо да стори за државата, ден пред капитулацијата, со скоро цела кралска влада (низ народот се вели и со кралската каса) успеал со авион да избега прво во Грција, па потоа во Англија, каде останал до крајот на војната (односно до 1968, кога сам се преселува во САД каде и умира во анонимност во 1970г.)



Петар II Караѓорѓевиќ, последна слика во Југославија, 28 март 1941

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

По капитулацијата, Југославија е исподелена помеѓу соседите, но и меѓу најразлични квислиншки структури.



Дел од хрватите, формираат своја власт, создавајќи германска марионетска творба наречена НДХ (Ен-Де-Ха) (Независна држава Хрватска), на чело со адвокатот и водач на усташкото движење Анте Павелиќ. (Бидејќи им слугувале на германците, на територијата на НДХ подоцна се направени концентрациони логори за ликвидирање на срби и комунисти и транзитни логори за евреи)

Во Србија се создава марионетска прогерманска влада на чело со Милан Недиќ. Во Босна и Херцеговина започнува сурова граѓанска војна меѓу хрватите и србите и србите и муслиманите.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Во Србија, започнува вооружено четничко движење под директна контрола на кралот од емиграција, наречено „Рамногорско четничко движење" предводено од министерот за надворешни работи во поранешната кралска влада, Дражa Михајловиќ.



Четници и германци 1942 год.

Четниците во прво време соработувале со германците и италијанците (со окупаторите) надевајќи се дека ќе издејствуваат создавање на кралство Голема Србија.

Свои вооружени единици (партизани=герила=командоси) во текот на војната имала и Комунистичката партија на Југославија, на чие чело бил Јосип Броз Тито. Токму овие вооружени единици стекнале најголема поддршка меѓу народот, но и кај меѓународниот фактор. Иако станува збор за комунистички вооружени сили, членовите во овие единици не биле комунисти по убедување. Најголемиот дел од нив имале само една цел, ослободување на државата и рамноправност на сите народи во истата. Партизаните и самиот водач Тито во текот на војната континуирано соработувале со Англија од каде добивале оружје, муниција, техника, инструкции, стручен воен кадар (инструктори) информации, медицинска помош и слично. Партизаните се бореле против надворешниот непријател но и против внатрешните непријатели: четниците (до 1944 год); балистите; усташите и против домобранците (домобраци се антикомунисти, соработници со германците во Словенија)

Во 1941 година на целата територија на Југославија, сите народи во државата, на иницијатива на КП, организираат и подигаат масовни народни

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

востанија против окупаторските власти. Во Македонија, востанието се кренало на 11.10.1941 во Прилеп.



Освен воените дејства, Комунистичката партија и Тито, размислувале и за идниот развој на настаните, што да се прави со државата кога војната ќе заврши. Поради тоа, кога во Југославија се создаваат поширок територии под контрола на партизаните, почнуваат политички иницијативи на Комунистичката партија за решавање на судбината на државата. Притоа, КП е во постојана комуникација со емигрантската кралска влада во Англија и кралот, а посредник е самата англиска влада и Черчил.

За политичките чекори кои треба да се преземаат, на иницијатива на КП и партизанското движење предводено од Тито, во Бихаќ (Босна) на 26 ноември 1942 год се одржало Прво заседание на АВНОЈ (Антифашистичко веќе, на народното ослободување на Југославија) (Веќе=Собрание). Со Собранието раководел Тито и на него голем дел дел од присутните не биле комунисти. Одлуките кои се донесени на заседанието немаат допирни точки со комунизам.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Напротив донесени се одлуки за неповредливост на приватната сопственост, како и можност за формирање на економски и политички групации.

Ноќта на 29/30 ноември 1943 година, во Јајце, (Босна) одржано е Второ заседание на АВНОЈ. И на ова заседание учествувале и некомунисти и верски свештени лица. На ова заседание поставени се темелите на идната југословенска држава, замислена како демократска федерација на 6 рамноправни народи кои ќе имаат свои републики во федерацијата.

На Второто заседание на АВНОЈ, македонскиот народ добил право да има своја република рамноправна со останатите во проектираната федерација. (се стекнал со право на државност и е признат како посебен народ со посебен јазик, рамноправен со останатите во државата)

Исто така се формира НКОЈ (Национален комитет на ослободувањето на Југославија) кој ја има улогата на привремена Влада. (Запамтете: АВНОЈ = Собрание (парламент); НКОЈ= Влада на Југославија)

Истовремено на Второто заседание на АВНОЈ решено е дека емигрантската влада повеќе нема никакви ингеренции во Југославија. (Всушност, започнува политичка борба за тоа која влада е вистинска. НКОЈ смета дека тој е единствена власт на територијата на Југославија, а емигрантската влада сеуште се сметала себе си за легитимна)

Прочитај го документов кој следува:

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

5/43

АНТИФАШИСТИЧКО ВЕЋЕ
НАРОДНОГ ОСЛОБОЂЕЊА
ЈУГОСЛАВИЈЕ
Број одлуке 3

О Д Л У К А

ДРУГОГ ЗАСЕДАЊА АНТИФАШИСТИЧКОГ ВЕЋА НАРОДНОГ ОСЛОБОЂЕЊА ЈУГОСЛАВИЈЕ

о изградњи Југославије на федеративном принципу

Arhiv Jugoslavije Beograd

На основу права сваког народа на самоодређење, укључујући право на отцепљење или на уједињење са другим народима, и у складу са истинском вољом свих народа Југославије, осведоченом у току трогодишње заједничке народно-ослободилачке борбе која је сковала нераздруживо братство народа Југославије, Антифашистичко веће народног ослобођења Југославије доноси следећу

О д л у к у:

1. Народи Југославије никада нису признали и не признају раскомадање Југославије са стране фашистичких империјалиста и доказали су у заједничкој оружаној борби своју чврсту вољу да остану и даље уједињени у Југославији.

2. Да би се остварио принцип суверености народа Југославије, да би Југославија претстављала истинску домовину свих својих народа и да никад више не би постала доменом било које хегемонистичке клике, Југославија се изграђује и изградиће се на федеративном принципу, који ће обезбедити пуну равноправност Срба, Хрвата, Словенаца, Македонаца и Црногораца, односно народа Србије, Хрватске, Словеначке, Македоније, Црне Горе и Босне и Херцеговине.

3. У складу са таквом федеративном изградњом Југославије, која се темељи на најпунијим демократским правима, јесте чињеница да већ сада, у време народно-ослободилачког рата, основне органе народне власти код појединих народа Југославије претстављају народно-ослободилачки одбори и земаљска антифашистичка већа народног ослобођења (Главни народно-ослободилачки одбор Србије, Земаљско антифашистичко веће народног ослобођења Хрватске, Словенски народно-ослободилачки одбор, Земаљско антифашистичко веће народног ослобођења Босне и Херцеговине, Земаљско антифашистичко веће народног ослобођења Црне Горе и Боке, Земаљско антифашистичко веће народног ослобођења Санџака, иницијативни органи за Земаљско антифашистичко веће народног ослобођења Македоније), и да је Антифашистичко веће народног ослобођења Југославије врховно законодавно и извршно претставничко тело народа Југославије и врховни претставник суверенитета народа и државе Југославије као целине.

4. Националним мањинама у Југославији обезбедиће се сва национална права.

5. Ова одлука ступа одмах на снагу.

Дне 29 новембра 1943,
у Јајцу


За Антифашистичко веће
Народног ослобођења Југославије

Секретар
Р. Чолаковић, с.р.

М.П.

Председник
Др. И. Рибар, с.р.

Во текот на 1944 година поголем дел од територијата во Југославија е под контрола на партизаните. Веќе формирани се големи воени единици на целата територија на Југославија и сите заедно ја сочинуваат Народно ослободителната војска на Југославија и сосема е извесно дека окупаторските сили се пред конечен пораз.



Тогаш се засилува интересот на големите сили за судбината на Југославија. Англија (Черчил) во неколку наврати лично и писмено се договарал со Тито, а во исто време комуницирал и со Кралот Петар и емигрантската кралска влада.

Привремено решение за спорот меѓу Емигрантската влада и НКОЈ е постигнато на островот Вис во Јадранот, на средбата меѓу Тито и Иван Шубашиќ, како претставник на Емигрантската влада. Од средбата произлезена е спогодба на 16 јуни 1944г. Според спогодбата Тито – Шубашиќ, Емигрантската влада го признава НКОЈ и договорено е да се формира заедничка (преодна) влада од членови на НКОЈ и Емигрантската влада, до одржување на избори и референдум за идното уредување на државата.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Ваквата идеја за заедничка влада е поддржана и од Англија и од СССР, на конференцијата во Јалта.

Владата е формирана на 7 март 1945 год. По два дена донела Декларација во која се именува како Преодна влада на Југославија.

Иако војната траела официјално до капитулацијата на Германија, сепак во Југославија воените дејствија за конечно уништување на заостанати германски единици траеле до 15 мај на Сремскиот фронт каде во завршните операции учествувал и XV Македонски корпус.

На 7 август 1945 се одржува Трето заседание на АВНОЈ, кое уште претходно е прогласено за „законодавно и извршно тело" во Југославија, што било во спротивност со постоењето на Привремената влада. (значи и Привремената влада и во исто време и АВНОЈ се извршна власт во ДФЈугославија, што е двовластие и е невозможна ситуација) Поради ваквото самоволие на КПЈ, претставниците на Емигрантската влада меѓу кои и самиот Шубашиќ си поднесуваат оставки, а во Привремената влада на ДФЈ останале само претставниците на НКОЈ.

Со тоа во Југославија кралот и неговите приврзаници немале никакво учество во власта, ниту пак имале политичка структура кој ги поддржува.

(секоја сличност е сосема случајна: Во привремената влада, претседател бил Тито, а министер за надворешни работи Шубашиќ. По поднесената оставка на Шубашиќ, министер за надворешни работи станува Тито, кој во исто време е и претседател на Владата и министер за народна одбрана :)

Едно од решенијата на Третото заседание на Авној е официјализирање на новото име на државата (името на државата е сменето од кралство Југославија во ДФЈ (Демократска Федеративна Југославија), иако неофицијално ова име било во употреба во државата уште од 2 Заседание на АВНОЈ)

На 11 ноември 1945 одржани се првите повоени избори во ДФ Југославија.

Имало само една листа на предложени кандидати за пратеници за народното собрание. Листата на Народниот фронт. На седница на собранието на ДФЈ, од 29 ноември 1945 год. името на државата е променето од ДФЈ во ФНРЈ (Федеративна Народна Република Југославија)

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

3. Романија

Романија излезе од Првата светска војна со голема територијална добивка. Но сепак беше економски, политички и воено многу слаба за да може да го штити својот суверенитет. Врз неа притискаа СССР , Унгарија и Бугарија. Кога Хитлер ги кроел плановите за нова војна и Романија имала свое место. Таа е богата со нафта, ресурс кој насушно им бил потребен на германските воени сили и индустријата.

Во почетокот на војната Романија се изјаснува за неутрална, но тоа не им пречело на соседите да грабнат по некој дел од неа.

Во јули 1940 год. под воена закана од СССР, Романија била принудена да ја отстапи Бесарабија (денешна Молдавија) и Северна Буковина на СССР (тоа СССР го имала зацртано со Рибентроп – Молотов пактот)

Во август 1940 со притисоци од Италија и Германија, Романија ја отстапила северна Трансилванија на Унгарија.

Во септември 1940 Германија со воена закана ја принудила Романија да ја отстапи Јужна Добруџа на Бугарија. (Тоа бил еден од условите за Бугарија да пристапи во сојуз со Германија)



Поради губењето на територииите и народното незадоволство, Кралот Карол II Романски, со државен удар бил принуден да абдицира во корист на син му Михај и мигрирал во Португалија. Михај формирал нова (профашистичка) влада на чело со Јон Антонеску која во ноември во Берлин потпишала сојуз со Силите на Оската.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Тогаш на романска територија веднаш дошле бројни германски воени единици кои направиле свои воени бази, а во исто време започнала масовна експлоатација на романската нафта.

До август 1944 година, Романија под водство на владата на Јон Антонеску била сојузник со Силите на Оската, а нејзините војски војувале под германска команда на Источниот фронт и на Балканот.

Кога Црвената армија од исток навлегла на романска територија, кралот Михај на 23 август извршил државен удар, распуштајќи ја владата на Антонеску. Кралот преку радио изјавил дека државата е на страната на Сојузниците и ѝ објавува војна на Германија.

До крајот на војната романските војници учествувале во завршните операции против Германците во редовите на Црвената армија и во Ослободителната војска во Југославија.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

4. Бугарија

Бугарија беше неутрална во почетокот на војната. Таа беше ревизионистичка и од триесеттите години отворено ги искажуваше своите барања за нејзино територијално проширување во државите Југославија и Грција барајќи ја Македонија како „бугарска земја" и јужна Добруџа од Романија. Таа водеше мудра политика и со Германија и со Велика Британија и со СССР. Од овие држави таа „собираше понуди" која ќе и вети повеќе, за да влезе во војната на нејзина страна.

Најмногу ѝ ветила Германија, па дури и го потврдил ветеното (ѝ дала капар) во септември 1940 година кога ја принудила Романија на Бугарија да ѝ ја отстапи Јужна Добрџа (со спогодбата од Крајова).

Поради ова премиерот на Бугарија Богдан Филов отпатувал во Виена каде на 01.03.1941 година го потпишал Тројниот пакт. Кога се вратил во Бугарија била одржана свечена седница на бугарскиот парламент каде ваквиот голем чин од сите присутни бил поздравен со аплаузи и овации.

Истиот ден на потпишувањето на договорот германски војски од Романија се спуштиле јужно и се распоредиле на територијата на Бугарија.

Од тие моменти до 09.09. 1944 год. Бугарија е на страната на Германија и војува на територијата на Македонија, Југоисточна Србија и Тракија (во државите Југославија и Грција)

ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПРОЧИТАЈ!

Бугарскиот парламент, на 24 декември 1940г. изгласал „ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА НАЦИЈАТА". Законот е прифатен од бугарската влада на чело со Богдан Филов. Законот стапува на сила по потпишаниот Указ бр.3 од 21 јануари 1941 г. односно од излегувањето во „Државен весник" бр.16 од 23 јануари 1941 г. Законот важел до 27.11.1944 год.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски



6399

УКАЗЪ

№ 3

НИС БОРИСЪ III

СЪ БОЖИЯ МИЛОСТЬ И НАРОДНАТА ВОЛЯ

ЦАРЬ НА БЪЛГАРИТЪ

Обнародваме на всички Наши вѣрноподданици, XXV-то обикновено Народно събрание, прието въ второто му редовно сесия, въ 32-то заседание, държано на 24 декември 1940 год гласувано и прието,

НИЕ УТВЪРДИХМЕ И УТВЪРЖДАВАМЕ следния

ЗАКОНЪ

ЗА ЗАЩИТА НА НАЦИЯТА.

ДЯЛ I.

ЗА ТАЙНИТЪ И МЕЖДУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Глава I.

Общи разпоредби.

Чл.1. Тайните и международни орга

Законот е по примерот на Нирнбершките закони од Германија и се однесува на „прашањето за евреите". За спроведување на законот, во 1942г. создаден е посебен комесаријат ((канцеларија, оддел,) буг: Комисарството по еврејските въпроси) при министерството за внатрешни работи, на чие чело бил назначен Александар Белев. Целта на комесеријатот била да отстранување на евреите од

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

општествениот и стопанскиот живот во Бугарија и протерување од државата.



Инаку законот пропишувал:

- промена на имињата на евреите
- забрана за економска активност
- забрана за професионална активност и напредување
- исклучување на евреите од сите државни служби
- исклучување на евреите од сите политички активности во државата
- ограничување на местото на живеење на евреите
- конфискација на имотот на евреите
- забрана за стапување во брак со друг кој не е евреин

По освојувањето на туѓи територии, овој закон од април 1941 почнал да важи и на новоосвоените територии (за бугарите: ослободените територии) (читај Македонија) (На пример во Битола, до мај 1941г, веќе биле обележани сите дуќаните и куќите каде што живееле евреи.)



На 22 февруари 1943г. потпишана е германско-бугарска спогодба „Данкер – Белев" според кој Бугарија требала да почне да ги собира и депортира евреите во Германија. Операцијата за собирање и депортирање започнува ноќта меѓу 10 и 11 март 1943г. Крајна дестинација била логорот на смртта Треблинка.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

На ова реагирала Бугарската православна црква (Егзархијата) како и дел од бугарската јавност, која не се согласувала со она што им се правело на евреите. Имало и улични протести во Софија предводени од Димитар Пешев (пратеник во бугарскиот парламент). Со овој притисок на јавноста, прво била одложена за два месеци, а потоа целосно откажана акцијата за депортација на евреите од Бугарија. Но, бугарските евреи иако се спасиле од смртта, сепак настрадале. Одземен им бил целиот имот. Семејствата биле разделени. Сите евреи од градовите биле протерани да продолжат да живеат во зафрлени рурални средини. Им било дозволено сосебе да носат максимум 30кг. Од тоа што го поседувале. Притоа биле претресувани и се што бугарската полиција сметала дека е вредно им било одземано.

Ваквите мерки за „спас на евреите" важеле само на територијата на државата Бугарија, но не и на „ослободените" територии. Македонските евреи настрадале во Треблинка.

Во текот на војната Бугарија била царство, со Борис III (по април 1941 наречен „Обединител". Умрел во август 1943г.



Борис III

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

Го наследил неговиот 6 годишен син Симеон, во чие име владее тричлено регентотство составено од кнезот Кирил Преславски (брат на Борис III), Богдан Филов и генерал Никола Михов.

Бидејќи Богдан Филов стана регент, нов премиер станал Добри Божилов.

Кога се гледаше дека Германија е пред пораз, а Црвената армија наближува до границите на Бугарија, регентството го разрешило Добри Божилов и го назначило Иван Багрјанов за нов премиер, кој бил прозападно ориентиран политичар кој требало да преговара за мир.

На 09.09.1944 година, кога Црвената Армија веќе била на територијата на Бугарија, Кимон Георгиев со Татковинскиот фронт (Отечествениот фронт) со државен удар ја земаат власта во државата и ја превратуваат Бугарија од сојузник да биде противник на Германија. Овој настан е наречен „Деветто-Септемвриский преврат"

Во текот на војната во Бугарија постоела политичка коалиција Отечествен фронт (Татковински фронт) составена од разни политички структури кои не учествувале во власта и во кој главен политички субјект била бугарската КП.

Отечествениот фронт имал свои воени единици, кои имале слаба воена активност. Поинтензивно се активирале по капитулацијата на Бугарија кога се вклучиле во редовите на Црвената Армија.

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски

5. Турција

Придржувајќи се на паролата на Мустафа Ататурк „Мир во земјата – мир во светот", Турција се изјасни за неутрална во почетокот на војната. Без резултат беа притисоците на Британија да ја придобие Турција во војната против Германија и Италија и нивните сојузници.

На Хитлер му требаше пријателска Турција, поради нејзината местоположба до главните светски извори со нафта. Поради тоа тој успеа економски да се поврзи со неа. На 18 јуни 1941 потпишан е Германско – турски договор за ненапаѓање и економска соработка. Договорот предвидувал 10 години пријателство, Турција во Германија да извезува Метална руда (пред сè хромна руда, железна руда и слично) а Германија дел од увезената руда требало да ја плаќа со оружје.

Ова ја охрабрило Германија пред операцијата Барбароса.



Потпишувањето на Германско турскиот договор за соработка

Но Турција никогаш не можела да испорача договореното.

Британија, знаејќи за договорот, по повисока цена од договорената со германците, од Турција во големи количини ја купувала рудата која им била потребна на германците, иако Британија воопшто немала потреба од толку многу и таква руда. Исто постапувала и САД, која од Турција освен руда купувала и сушена храна, овошје и тутун, само за таа роба да не стигне до германците.

Турција под водство на претседателот Мустафа Исмет Инени сепак (на хартија) се вклучила во војната.

Условувана од Британија и САД со прием во Друштвото на народите (подоцна ООН) Турција на 23 февруари 1945 им објавила војна на Германија и Јапонија. (Официјално Германско-турскиот договор бил едностранo раскинат дури на 24 октомври 1945 г, откако Турција била примена во ООН.)

Напомена: Документов, не е научен труд, туку раскажан материјал. Користена е стручна литература и консултирани се податоци објавени на официјални веб страни на релевантни институции.

Материјалот го уреди проф. Николче Богданоски